ТТК БАНКА АД Скопје
ул. Народен Фронт 19а
1000 Скопје, Македонија
тел: 02/32 36 400 факс: 02/32 36 444

www.ttk.com.mk
e-mail: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС: 6121110 ЕДБ: 4030006597638
тр. с-ка: 290-1000000000-46

**ТТК Банка А.Д. Скопје** објавува:

## ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
## ИТ Консултант (3 извршители)

**Потребни квалификации и способности (услови што се бараат за вршење на работата):**

- Високо стручно образование, од областа на информатичките технологии
- Без или со работно искуство во ИТ областа
- Работа со релациони бази на податоци MSSQL Server
- Познавање на C# за развој на десктоп и web апликации на .NET платформа
- Познавање на HTML5, JavaScript, JQuery, CSS3, AngularJS, Java
- Познавање на англиски јазик
- Аналитичност
- Концентрација
- Самостојност
- Иницијативност
- Тимска работа
- Комуникациски вештини
- Идентификација на проблеми

**Опис на работно место и одговорности:**

- Обезбедува непречено функционирање на целокупниот банкарски софтвер и навремено имплементирање на сите нови функционалности кои го следат деловниот развој и промените согласно законски регулативи;
- Пријавува апликативни безбедносни инциденти до ОСИС на Банката;
- Изработува надградба на системот со креирање на апликативни решенија од сите области од банкарското работење и ги вклопува во единствениот интегриран информационен систем на банката;
- Изработува скалабилни и лесно одржливи апликативни решенија и интегрирани web-сервиси за on-line самоуслужно банкарство;
- Води грижа за брз и сигурен пристап, интегритет и доверливост на податоците;
- Врши усогласување на потребите и барањата од различни организациони делови со цел изработка на универзални и компатибилни решенија;
- Изработува проект план за реализација на барањата;
- Изработува проектен план за интерни проекти и самостојно ги реализира и имплементира;
- Изработува план за екстерни проекти и учествува во подготовката и имплементацијата на истите заедно со добавувачите на софтверот;
- Самостојно ги изработува сите нови барања за извештаи пристигнати од сите делови во банката;
- Се грижи и мониторира за правилно отворање, затворање и сведување на книговодствен датум по налог на служби од одделот за платни системи, а по потреба ги разрешува проблематичните ситуации за сложување на ликвидноста на крај на ден;
- Изработува техничка документација и прави измена и дополнување на корисничките упатства за изработените апликативни решенија во соработка со соодветните стручни лица од банката како и организира обука за крајните корисници;
- Врши континуирана едукација и примена на нови информатички технологии;
- Обезбедува второ ниво на поддршка на Help Desk, на корисниците за тековни барања (дневна процедури и обработки);
- Други работни задачи на барање на непосредниот раководител

**Работно време:**

40 часовно неделно работно време

ТТК БАНКА АД Скопје
ул. Народен Фронт 19а
1000 Скопје, Македонија
тел: 02/32 36 400 факс: 02/32 36 444

www.ttk.com.mk
e-mail: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС: 6121110 ЕДБ: 4030006597638
тр. с-ка: 290-1000000000-46

**Загарантирана почетна нето плата:**

Минимална: 25.000 денари
Максимална: ќе биде предмет на договор во зависност од искуството на кандидатите

**Останати информации:**

Рокот во кој ќе биде извршен изборот ќе биде 45, 90 или 120 дена, по истекот на рокот за пријавување, а во зависност од бројот на пријавените кандидати.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат горенаведените услови потребно е да испратат кратка биографија (CV) и мотивационо писмо најдоцна до 23.07.2017 година, со назнака: „**Апликација за ИТ Консултант**" на следната адреса: ТТК Банка АД Скопје, ул. Народен Фронт 19а, 1000 Скопје или на е-маил адресата: **kariera@ttk.com.mk**.

Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.